РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1520/6
01-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија” број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 60-тата седница одржана на ден 28.01.2022 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот број 12-3677/1 од 22.10.2020 година, оформен по доставена пријава за службено лице -------------------------------- – директор на -----------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што наводите не се потврдени.

Предметот со број 12-3677/1 од 22.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител на ден 22.10.2020 година, поднесена е пријава за службено лице ----------------------------------- – директор на -------------------------------------- и оформен е предмет број 12-3677/1 од 22.10.2020 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско и коруптивно работење на директорката, како и сомневање за пасивност на надлежните институции до кои истото е пријавувано. Наводите од пријавата се дека директорката и правникот се вклучени во повеќе незаконитости: службеното возило кое е старо и неупотребливо и кое подолго време е нерегистрирано, а од другата страна средствата за службено возило неограничено се излеваат на нивните трансакциски сметки и во нивните возила; повеќе од три години врз основа на договор за адвокатски услуги се излеваат месечно пари на адвокат кој во текот на договорот нема ниту започнато ниту завршено случај; на обуки за усовршување на вработените одат директорката и правникот и земаат дневници во висина од 100% што е спротивно на закон, дека голем дел од финансиите ги искористува преку фиктивни фактури за кои се врши притисок врз вработените и лесно можат да се увидат доколку дојде до финансиска ревизија, како и во однос на реализацијата на договорите по тендерите.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија достави барање за прибирање на информации до Министерството за образование и наука. Од страна на Министерството за образование и наука е доставен одговор на барањето со прилог документација и произнесување и од ученичкиот дом, како и извештај од извршена внатрешна ревизија во истиот, од кои се констатира следното:

- ---------------------------------------- во однос на наводите за возилото известува дека службеното возило било старо 30 години и не било регистрирано од 2019 година, а вработените користеле приватни возила за службени потреби, поради што во март 2021 е дадена согласност од Владата на РСМ за доделување на возило преку Агенцијата за одземен имот. Во однос на адвокатските услуги, договорот се обновува од 2015 година согласно кој адвокатот е овластен полномошник на домот и го застапува пред други органи. Согласно финансиските картици, во однос на наводите за посета на обуки од правникот видно е дека истиот е вработен во 2019 година и не посетувал обука до моментот на доставување на одговорот. Во однос на трошењето на финансиските средства се наведува дека истите се исплаќаат согласно договорите за јавни набавки како и договорите склучени под вредносните прагови. Се посочува дека е извршена и внатрешна ревизија од МОН во чиј извештај е дадено позитивно мислење од страна на ревизорите;

- Во Извештајот за извршена ревизија на процесот на преземање и исплата на обврските во --------------------------------------- во текот на 2018 година се дадени препораки за преземање мерки и активности за зајакнување на воспоставената контрола во процесот на плаќањата согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со цел да се избегнат евентуалните грешки кои би го оштетиле буџетот на домот. Водно, ревизијата констатира дека во однос на договорите за јавни набавки цените на стоките и услугите од исти економски оператори се пониски во однос на претходната година што укажува на економично работење.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека наводите не се потврдени поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk